МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *НОВИНИ ВО ЗБРИНУВАЊЕ НА НОВОРОДЕНЧИЊА*

*ЈЗУ Општа болница Борка Талески - Прилеп*

*Медицински факултет Сара Cerrahpasa Истанбул (22.11 – 11.12.2015)*

*Др. Роза Ковилоска - Педијатар*

*29.12.2015*

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Универзитетска клиника ,,Сара – Cerrahpasa”*

Овој клинички центар е составен од 43 посебни оддели. Во него има проток на 1 – 1,5 милион пациенти годишно. Има 5 000 вработени од кои 500 се професори.

На одделот за Неонатологија годишно има околу 10 000 раѓања. Овој оддел се наоѓа на 9 – тиот кат заедно со одделот за интензивна нега и терапија. Оперативниот дел се наоѓа во склоп на другите операциони сали од каде што новороденчињата со посебен лифт се носат на овој оддел.

Присуствував на голем број раѓања со Sectio caesarea. Веднаш по раѓањето, новороденчето го превзема педијатар и започнува процесот на адаптација на надворешната средина со пресекување на папчаникот, аспирирање на уста, пролазност на носните канали, стимулација на дишењето и пратење на виталните параметри.


İSTANBUL
TIP FAKÜLTESİ
ACİL
Emergency
ACİL
Emergency




İ.Ü.
İSTANBUL TIP FAKÜLTESİ



Мој ментор беше Dr. Asuman Coban, која не запознаваше со начинот на згрижување на новороденчињата , апликација на терапија, давање совети за исхрана на мајките, со лабораториските иследувања и дискусии по добиените резултати.

На овој оддел се беа правени тестови за скрининг за TSH, fenilketonuria како и испитување на ензими за одредени заболувања бидејќи во оваа земја има склучено бракови на лица со блиски крвни врски.

Спонтаните раѓања ги водеа акушерките и во рок од 48 часа мајките со новороденчињата ги напуштаа породилиштата, а тие со S.C после 72 часа. На секое новороденче пред заминување му беа правени крвни анализи, земан билирубин. По три дена кога доаѓаа на контрола се даваа совети за исхрана, за тоалета на папче и одржување на хигиената.

Амбулантите беа сместени во посебен дел и таму беа прегледувани само оние деца кои се родени во оваа болница.









# Заклучоци/Научени лекции

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во тек на мојот престој во Неонатолошкото одделение и одделот за интензивна нега и терапија се сретнав со голем број различни случаеви од спонтани раѓања со S.C ,со прематурни од 24 g.n со TT 550 грама, новороденчиња со Down sy. , Prune – Belly sy. , како и со асфиктични новороденчиња и многу други.

Разменувавме мислења за терапии, совети за исхрана. Се запознав и со лактариумот каде се чува мајчиното млеко под одредена температура. Прв пат видов пластични кеси исполнети со гел маса и кои се ставаат околу главчето на бебе родено со асфиксија.

Посебно ми остави впечаток хиерархиски поставениот ред и дисциплина кај персоналот. Многу се обрнуваше внимание на хигиената и стерилните услови.

Благодарност до Министерството за здравство на Р.М кое ми овозможи да го надградам моето знаење и стекнатото искуство да го применам во нашата средина.

